**ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**ТРКАЛЕЗНА МАСА**




**ТЕМА: Отворено владино партнерство – подобрување на процесот на подготовка на акциониот план за поефикасни мерки**

**Место: ЕУ Инфо Центар (**Св. Кирил и Методиј 52 – V, 1000 Скопје)

**Време: 29 февруари 2016**

Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), во рамките на проектот финансиран од Европската унија *,,Застапување за отворена влада: поставување на агенда на граѓанското општество и мониторинг на националните акциони планови"* одржа тркалезна маса на тема Подобрување на процесот на подготовка на акциониот план за Отворено владино партнерство (ОВП) за поефикасни мерки. Настанот е поддржан од Британската амбасада во Скопје.

За време на тркалезната маса граѓанските организации ги претставија своите препораки и искуства од нивните истражувања. Овие препораки беа претставени од *Миша Поповиќ* од Институтот за демократија Социетас Цивилис, *Дарко Антиќ* од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), *Борјан Ѓузелов* од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и *Ќендреса Сулејмани* од Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП). Претставниците од другите граѓански организации како и претставниците на државните институции и други учесници дискутираа по претставувањето на препораките и искуствата.

Настанот е овозможен со поддршка од Британска амбасада во Скопје, во рамките на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Мислењата изнесени за време на настанот, не секогаш ги одразуваа мислењата и ставовите на Британската амбасада и Европската унија.

British Embassy
Skopje

Миша Поповиќ од Институтот за демократија Социетас Цивилис се осврна на потребата од вклучување на синдикатите и изнаоѓање на иновативни решенија при изработката на новиот Акционен план. Клучен елемент во Отвореното владино партнерство е подобрување на пристапот до отворени податоци при мониторирање на корупцијата. Во однос на областите на *добро владеење и борбата против корупција* треба да се идентификуваат нови мерки. Овие мерки треба да им помогнат на граѓанските организации (ГО) да не губат време при барањето на податоци кои треба да бидат од отворен карактер и наместо тоа да ги посветат своите ресурси во изработката на анализи. Како пример за ова беше наведена постапката за добивање податоци во областа на јавните набавки. Затоа неопходно е да се воспостави регистар на сопственици, кој ќе биде бесплатен, со цел да се утврдат сопствениците на претпријатијата. Дополнително, потребно е да се воспостави и регистар на донатори на политичките партии (компании и граѓани) кои постојано ќе бидат набљудувани. На тој начин ќе може да се утврди врската меѓу донаторите на политичките партии и нивниот сопственички статус. Меѓутоа, за успешност на овие мерки потребно е и вклучување на Државната комисија за спречување на корупција, односно комисијата ќе ги гони случаите кои ќе покренат црвено знаменце.

Излагањето на Миша Поповиќ беше надополнето од Марија Ристевска, ЦИКП, дека пракса е во многу држави кои се дел од ОВП да имаат отворени информации при јавната набавка дури и при доставувањето на услугите, односно пристап до т.н. ,,отворени договори“.

Дарко Антиќ од ЕСЕ се фокусираше на предизвиците со кои тие се соочувале при спроведувањето на мерките кои произлегуваат од вториот Акционен план, имено *слобода на информации и фискална транспарентност*. Во неговото излагање фокусот беше на потребата од подобра соработка помеѓу државните институции, од една страна, и бизнис секторот, ГО и граѓаните од друга страна. Притоа, треба да се искористат сите технолошки напредоци за да се олесни овој процес. Дополнително, Владата при изработката на својот буџет треба да обезбеди доволно средства за спроведување на мерките кои се утврдени во Акциониот план. При изработката на Акциониот план треба и да се избегне копирање на мерките од еден ресор во друг или од еден акционен план во друг, што беше пракса од 2011 година. Државните институции треба да се заложат за исполнување на мерките кои се наведени, бидејќи во двете области во кои ЕСЕ беше носител на активни мерки само 19 проценти од предвидените мерки, а поголем дел од нив се спроведуваа во последните три месеци од првата година. Треба да се избегне ситуација во која владата ќе создава механизми за спроведување на мерките, а ГО ќе се придржуваат кон тоа. Неопходно е подобрување на соработката, и.е. координација помеѓу ГО и државните институции. За крај, Дарко Антиќ додаде дека важно е да се подобри и соработката на релација ГО преку почести состаноци и работни групи, а државните институции навремено да ги информираат ГО, наместо применување на досегашната практика каде ГО беа информираа електронски и имаа време од 1-2 дена за одговор.

Марија Ристевска од ЦИКП надополни дека потребно е да се смени временската рамка за донесување на Акциониот план, бидејќи доколку се спроведува досегашниот модел ГО губат 5-6 месеци во исчекување на буџетската распределба на средствата.

Борјан Ѓузелов од МЦМС се фокусираше на партиципативното креирање на политики, за кое МЦМС беше носител на мерка, во рамките на проектот ,,Огледало на владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони.“ МЦМС подготвува неделни, месечни и тримесечни извештаи за улогата на ЕНЕР, односно колку Владата ја користи оваа алатка за објавување на

Настанот е овозможен со поддршка од Британска амбасада во Скопје, во рамките на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Мислењата изнесени за време на настанот, не секогаш ги одразуваа мислењата и ставовите на Британската амбасада и Европската унија.

British Embassy Skopje

законските измени. За да се спроведе ова потребна е добро соработка и политичка волја, бидејќи како што наведува тој министерствата не се наклонети да ги објавуваат нивните законски измени. Па така на пример, Министерството за образование иако беше едно од ретките кои објавуваа законски измени на ЕНЕР, тоа го направи со задоцнет рок, па во нивната методологија се јавуваат под категоријата со најмногу отстапки. Од околу 700 предлог закони, само 136 или 20 проценти се објавени на ЕНЕР. Оттаму се појави прашањето како може да зборуваме за партиципативно креирање на политики и отворено владино партнерство, кога и самите институции не ги почитуваат нивните обврски – објавување на ЕНЕР, а како главен проблем се јавува донесувањето на законски измени по скратена постапка.

Ќендреса Сулејмани од ЦИКП се фокусираше на процесот и потребата за донесување на мерки и препораки кои ќе бидат конзистенти и соодветни за системот. Па така, една мерка која е спроводлива и ефикасна е организирањето на *вебинари*, кои би биле исклучително корисни за работните групи, како што е РГ Отвореност на локално ниво. Дополнително, ќе можат да се активираат и преку социјалните мрежи. Според неа, на тој начин ќе може да се предефинира улогата на работните групи, па тие ќе можат да служат како лаборатории за изработка на политики, а нивниот потенцијал ќе може максимално да се искористи. Мерките кои ќе се предложат во овие групи ќе бидат померливи, а скрининг процесот на Владата за вклучување само на соодветните мерки ќе се подобри. Исто така, може да се воспостави и меѓусекторска комисија која ќе ги набљудува поднесените мерки, кои треба да бидат поиновативни и мерливи. За да се постигне ова ниво, потребно е да се воспостави хоризонтална и вертикална соработка за долгорочните политики, преку иницијативи и политики понудени од долу (bottom-up).

Дискусијата која настана по излагањето на претставниците од ГО се однесуваше на потребата за креирање на мерки кои ќе бидат попрецизни и подобрена соработка со државните институции. Исто така, во фокусот се најде и воспоставувањето на централниот регистар, кој досега не беше вклучен во ниту еден акционен план, а практиките од другите држави покажува колку е тоа неопходно за отворање на процесот и кон бизнис заедницата. Притоа, мерките кои ќе се предложат во новиот акционен план треба да бидат пореални, категоризирани, а ГО да можат полесно да го набљудуваат спроведувањето на мерките. Еден аспект од процесот за кој се отвори плодна дискусија меѓу учесниците беше прашањето дали во процесот треба да се вклучат што повеќе ГО или да се ограничи само на оние кои се способни да предложат специфични мерки. Меѓутоа, имајќи предвид за чувствителноста на темата, потребата од широкиот консултативен процес е неопходна за сеопфатност.

Настанот е овозможен со поддршка од Британска амбасада во Скопје, во рамките на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Мислењата изнесени за време на настанот, не секогаш ги одразуваа мислењата и ставовите на Британската амбасада и Европската унија.

British Embassy Skopje




| | | |
|---|---|---|
| | Настанот е овозможен со поддршка од Британска амбасада во Скопје, во рамките на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Мислењата изнесени за време на настанот, не секогаш ги одразуваа мислењата и ставовите на Британската амбасада и Европската унија. | British Embassy Skopje |